СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI PËR AVANSIM DHE MBIKËQYRJE TË REVIZIONIT
NË REPUBLIKËN E MAQEDONISË SE VERIUT
Бр. 04-7011
14.02.22 год.

Врз основа на член 48 став (4) од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), а по претходно добиено Известување за обезбедени финансиски средства, бр 18-11421/2 од 22.12.2021 година, а во врска со Правилникот за систематизација на работните места во Советот за унапредување и надзор на ревизијата во Република Северна Македонија, бр. 01-263/1 од 13.11.2019 година, Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија, објавува:

# ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 02/2022 година
## за унапредување на административни службеници во Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија

Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија објавува интерен оглас за унапредување на 1 административен службеник, на следниве работни места:

1. УНР0101В01002, Ниво В1, Советник за лиценцирање, Директорат за контрола, надзор и лиценцирање, Дирекција за контрола, надзор, лиценцирање и меѓународна соработка и развој......................1 (еден) Извршител,
   Вид на образование:
   правни науки, економски науки или организациони науки

**Сите кандидати треба да ги исполнуваат следните општи услови:**

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место; и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

**Кандатите за стручни административни службеници од категорија В потребно е да ги исполнуваат следните:**

**1. Посебни услови:**

- стручни квалификации, и тоа:
  - за нивото В1 ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

- за нивоата В3 и В4 ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

- работно искуство, и тоа:
  - за нивото В1 најмалку три години работно искуство во струката,
  - за нивото В3 најмалку една години работно искуство во струката или
  - за нивото В4 со или без работно искуство во струката;
- да е оценет со оцена „ А " или „ Б " при последното оценување на кое бил оценуван,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на истото ниво на работно место или најмалку една година на тековното работно место,
- да поминал најмалку една година во институцијата во која се унапредува и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

**2. Општи работни компетенции на средно ниво за сите нивоа - категоријата В согласно со Рамката на општи работни компетенции:**

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни и
- финансиско управување

**3. Посебни работни компетенции за сите нивоа:**

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски).

**Распоред на работно време:**

- Работни денови: понеделник – петок
- Работни часови: дневно 8 часа
- Работни часови: неделно 40 часа
- Работно време: 8:30 до 16:30

Основната платата за работното место е во паричен нето износ од 29.143,00 денари.

Заинтересираниот административен службеник, поднесува пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата до архивата на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија и до службената електронска адреса на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија contact@sunr.mk. Со назнака "за интерен оглас".

Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае 3 (три) дена од денот на објавување на Огласната табла на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

НАПОМЕНА: Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка по овој оглас

**В.д. Претседател на Советот,**
**Ване Цветанов**